Уп. бр. 08-112

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, со седиште на Ивана Лучиќа 2а, 10000 Загреб, Хрватска, преку Адвокатско Друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 04.09.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, со седиште на Ивана Лучиќа 2а, 10000 Загреб, Хрватска - ќе стекнат заедничка контрола над дел од претпријатието Лајтхаус Инвестментс, вложувања во недвижности д.о.о Копер, Анкаранска цеста 2, 6000 Копер – Каподистриа, Словенија преку неколку меѓусебно поврзани и зависни трансакции кои вклучуваат купување на средства иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 31.07.2024 година, а дополнето на

06.08.2024, 07.08.2024, 13.08.2024 и на 22.08.2024 година,, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија (во понатамошниот текст: АЛФИ РЕ) и ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, со седиште на Ивана Лучиќа 2а, 10000 Загреб, Хрватска ( во понатамошниот текст ЕРСТЕ д.о.о) со која АЛФИ РЕ и ЕРСТЕ д.о.о. – (во свое име а за сметка на ЕРСТЕ ПЛАВИ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД ОД Б КАТЕГОРИЈА со седиште на Ивана Лучиќа 2А, 10000 Загреб, Хрватска) ќе стекнат заедничка контрола над дел од претпријатието Лајтхаус Инвестментс, вложувања во недвижности д.о.о Копер, Анкаранска цеста 2, 6000 Копер – Каподистриа, Словенија преку неколку меѓусебно поврзани и зависни трансакции кои вклучуваат купување на средства - трговскиот центар Планет Копер, заедно со сите поврзани средства [1] во сопственост на Лајтхаус Инвестментс вложувања во недвижности, д.о.о.).

Подносителите на известувањето ги спровеле или имаат намера да ги спроведат следните чекори или поединечни трансакции во врска со Концентрацијата:

- [2]

Со оглед на структурата (50% удел во капиталот на секој содружник) и структурата на корпоративно управување, АЛФИ РЕ и ПЛАВИ РЕАЛ ЕСТАТЕ (или индиректно ЕРСТЕ д.о.о) ќе вршат заедничка контрола врз АЦ2, додека АЦ2 ќе има единствена контрола над стекнатиот дел од претпријатието.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Целта на **АЛФИ РЕ Фондот** е да генерира принос за инвеститорите преку инвестиции во комерцијални недвижности. Фондот инвестира во портфолио на комерцијални и канцелариски недвижности, логистички и медицински центри. Единствената цел на Фондот е да ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во согласност со инвестициската политика во портфолио од повеќе имоти со цел диверзификација на ризиците, а во исто време управителот на Фондот исто така обезбедува професионално управување и одржување на имотот. преку внимателно избрани изведувачи.

Регистрирана дејност на АЛФИ РЕ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.,е: активности на управување со фондови.

АЛФИ Групата моментално има 1 поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС

[1] Податоците претставуваат деловна тајна
[2]

6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинства.

Регистрирана дејност на ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

*ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови* управува три задолжителни пензиски фонда и осум доброволни пензиски фонда, кои согласно со Известувањето на Европската Комисија (точка 15) се сметаат за дел од ЕРСТЕ Групата:

*Задолжителни и доброволни пензиски фондови управувани од ЕРСТЕ МАНЦО*

| **Фонд** | Број |
|---|---|
| Erste Plavi obvezni mirovinski fond kategorije A | 29597039090 |
| Erste Plavi obvezni mirovinski fond kategorije B | 37688683890 |
| Erste Plavi obvezni mirovinski fond kategorije C | 09163883050 |
| Erste Plavi Expert - dobrovoljni mirovinski fond | 21938195883 |
| Erste Plavi Protect - dobrovoljni mirovinski fond | 55065560003 |
| Zatvoreni dobrovoljni cestarski mirovinski fond | 41044110075 |
| Erste zatvoreni dobrovoljni mirovinski fond | 52159097038 |
| Nestlé zatvoreni dobrovoljni mirovinski fond | 07471714267 |
| Pošta zatvoreni dobrovoljni mirovinski fond | 55713563137 |
| Policijski zatvoreni dobrovoljni mirovinski fond | 98807393820 |
| Arena Mudra Mirovina zatvoreni dobrovoljni mirovinski fond | 94072049283 |

Фондовите се субјекти без правен субјективитет, основани во согласност со Законот за задолжителни пензиски фондови (како lex specialis) и Законот за доброволни пензиски фондови и се регистрирани во официјалниот регистар во ХАНФА - Хрватската агенција за надзор на финансиските услуги.

Групацијата ЕРСТЕ нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија:

Регистрираната дејност на Друштвото Лајтхаус Инвестментс кое е сопственик на средствата кои се предмет на Трансакцијата е тргување со сопствен недвижен имот.

Согласно Писмото за Намери, според подносителите на известувањето ќе го стекнат Трговскиот центар Планет Копер во целост, вклучувајќи ги и просториите

на Трговскиот центар, сите подвижни средства и ресурси поврзани со него, вработени, договори за закуп, договори за услуги и други договори, податоци, евиденција, good will и други ресурси што се користат или се поврзани со работењето и управувањето на Трговскиот Центар.

Лајтхаус Инвестментс нема поврзани друштва регистрирани во Северна Македонија, ниту има остварено промет на релевантниот пазар во Северна Македонија во 2023 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**